Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

декември, 2018 година

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....6

Инфлација ....6

Берзански цени .... 7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ....9

Увоз ....10

Салдо на трговска размена .... 11

Валутна структура .... 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ....12

Приходи по буџетски корисници ....13

Буџетски расходи според економската класификација ....14

Расходи по буџетски корисници ....15

Буџетско салдо ....18

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ ....18

Плати ....19

Пензии ....20

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ....21

Депозитен потенцијал ....21

Кредити на банките .... 22

Каматни стапки на депозитни банки .... 22

Пазар на капитал .... 23

Девизни резерви .... 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

декември, 2018 година

- Индустриското производство во декември 2018 година забележа раст од 7,9% во споредба со декември 2017 година;

- Потрошувачките цени во декември 2018 година се зголемија за 0,9% во однос на декември 2017 година, по растот од 1,2% во ноември 2018 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - декември 2018 година изнесува 1,5%;

- Во 2018 година извозот забележа раст од 17,0%, а увозот од 12,4%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 0,4%, споредено со 2017 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во 2018 година изнесуваа 188.483 милиони денари, односно 28,7% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,9% во однос на 2017 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во 2018 година изнесуваа 200.083 милиони денари, односно 30,4% од БДП, што е за 1,8% повеќе во однос на 2017 година;

- Вкупните кредити на банките во декември 2018 година се зголемија за 7,3% во споредба со декември 2017 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 10,5%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во декември 2018 година забележа раст од 7,9% во споредба со истиот месец претходната година, додека на кумулативна основа во 2018 година бележи зголемување од 5,4% во споредба со 2017 година. Растот се должи на позитивните движења во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 6,1% и придонес во растот од 4,9 п.п., Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 20,0% и придонес од 2,1 п.п, и Рударство и вадење камен од 4,6% и придонес од 0,4 п.п..

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во декември 2018 година бележат 20 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 73,6% во структурата на вкупното производство. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, најголем придонес во декември 2018 година е забележан кај производството на пијалаци од 54,0% и придонес во вкупното производство од 2,2 п.п.. Производството на машини и уреди како гранка со највисоко учество во структурата, во декември 2018 година бележи раст од 11,3% и придонесува со 1,5 п.п. во вкупниот раст. Производството на прехранбени производи седми месец по ред бележи раст, кој во декември 2018 година изнесува 8,6%, со што придонесот на оваа гранка во вкупниот раст изнесува 1,0 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Согласно податоците по наменски групи, раст е забележан во групите: Нетрајни производи за широка потрошувачка од 10,5% (придонес од 3,6 п.п.), Енергија од 23,9% (придонес од 3,0 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија од 4,6% (придонес од 1,4 п.п.) и Капитални производи од 2,4% (придонес од 0,5 п.п.). Пад е



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

забележан единствено во групата Трајни производи за широка потрошувачка од 10,6% (придонес од -0,3 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во раст
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Кумулативните податоци укажуваат дека производството во 2018 година бележи раст од 5,4%, што во најголем дел се должи на растот во секторот Преработувачка индустрија од 6,5% и придонес од 5,2 п.п. и во помал дел на растот во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 2,6% и придонес од 0,3 п.п., а истиот е ублажен со падот во секторот Рударство и вадење камен од 1,4% и негативен придонес од 0,1 п.п..

Податоците од анализата по гранки укажува дека раст е забележан кај 17 од вкупно 27 гранки, кои сочинуваат 73,1% во структурата на вкупното индустриско производство. Од гранките со двоцифрено учество во структурата, раст е забележан кај производството на машини и уреди од 15,9% (придонес од 2,1 п.п.), кај прехранбената индустрија од 3,4% (придонес од 0,4 п.п.), како и кај снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 2,6% (придонес од 0,3 п.п.).

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во раст
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Кај наменските групи, растот главно е резултат на зголеменото производство во групата Капитални производи од 15,8% (придонес од 3,4 п.п.) и истиот е поддржан со растот на производството кај сите останати групи, и тоа: Интермедијарни производи, освен енергија од 3,6% (придонес од 1,1 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка од 22,0% (придонес од 0,5 п.п.), Енергија од 1,9% (придонес од 0,2%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 0,6% (придонес од 0,2 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во декември 2018 година е зголемен за 2,5%. Растот се должи на зголемениот број работници во секторите Рударство и вадење камен од 2,9% и Преработувачка индустрија од 2,6%, а во

секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 0,6%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во декември 2018 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите Капитални производи од 16,5% и Интермедијарни производи, освен енергија од 3,0%, додека пад е забележан во групите Трајни производи за широка потрошувачка од 3,4%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,3% и Енергија од 0,8%.

Бројот на работници во 2018 година бележи раст од 5,9%, што главно се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 6,6%, но и во секторот Рударство и вадење камен од 1,7%, додека бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е намален за 0,4%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Во 2018 година, раст на бројот на работници е забележан кај наменските групи: Капитални производи од 21,4%, Интермедијарни производи, освен енергија од 10,3% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 0,7%; додека пад на бројот на работници има кај групите Енергија од 0,8% и Трајни производи за широка потрошувачка од 1,1%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во декември 2018 година е поповолна споредено со ноември 2018 година, како и во однос на истиот месец од 2017 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во декември изнесува 68,8%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 68,7%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 2,5 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во декември имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 28,8%, недоволната домашна побарувачка со 14,7%, недоволната странска побарувачка со 14,6%, неизвесното економско окружување со 10,4%, финансиските проблеми со 8,6%, недостигот на суровини со 7,6% и конкурентниот увоз со 6,0%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во декември 2018 година споредено со ноември 2018 година е понеповолна, очекувањата за обемот



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

на производството во наредните три месеци се понеповолни во однос на претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во декември 2018 година издадени се вкупно 292 одобренија за градење, што претставува раст од 13,6% во однос на истиот месец од 2017 година. На месечна основа, бројот на издадени одобренија за градење останува непроменет. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во декември 2018 година споредено со декември 2017 година е речиси петпати повисока. Вредноста на објектите во однос на претходниот месец бележи трикратно зголемување.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 172 (или 58,9%) се наменети за објекти од високоградба, 42 (или 14,4%) за објекти од нискоградба и 78 (или 26,7%) за објекти за реконструкција.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 292 издадени одобренија за градба, на 185 објекти (или 63,4%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 107 објекти (или 36,6%) инвеститори се деловни субјекти.

Во декември 2018 година предвидена е изградба на 331 стан, со вкупна корисна површина од 37.669 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба во декември бележи месечен пад од 53,8%, а во однос декември 2017 година раст од 58,4%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во декември 2018 година се зголемија за 0,9% во однос на декември 2017 година, по растот од 1,2% во ноември 2018 година. Просечната стапка на инфлација во 2018 година изнесува 1,5%.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во декември се зголемија за 0,6% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во декември 2018 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,8% следена со порастот на цените во категориите: Ресторани и хотели од 2,4%, Рекреација и култура од 1,9%, Здравје од 1,7%, Облека и обувки од 1,1%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,0%, Комуникации од 0,7%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,1% и Останати стоки и услуги од 1,4%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Годишен пад на цените во декември 2018 година е регистриран во категориите Транспорт од 0,7% и Образование од 0,3%.

Потрошувачките цени во декември 2018 година се намалени за 0,2% во однос на претходниот месец. Притоа, намалување на цените на месечно ниво е забележано во категориите: Транспорт од 4,2% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,1%.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,0%, Облека и обувки од 0,3%, Ресторани и хотели и Здравје од по 0,2%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,1% и Останати стоки и услуги од 0,4%. Цените во категориите: Образование, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, Комуникации и Рекреација и култура останаа непроменети.

Цените на мало во декември 2018 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 1,0%, а на месечна основа се намалени за 0,5%. Цените на мало во 2018 година се повисоки за 2,7%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во декември 2018 година во однос на ноември 2018 година се намали за 13,4% и изнесува 56,5 долари за барел.

Споредено со истиот месец од 2017 година, цената на нафтата бележи пад од 12,1%. Цената на природниот гас во декември 2018 година на месечна основа се намали за 3,3%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во декември 2018 година се тргуваше со просечна цена од 10.835 долари за еден метрички тон ($/мт) и споредено со претходниот месец бележи намалување на цената од 3,6%. На годишна основа, цената на никелот се намали за 5,7%. Покрај никелот, месечен пад на цената во декември бележат и бакарот од 1,9% и алуминиумот од 0,9%. Цените на останатите основни метали во декември бележат раст во однос на претходниот месец. Така, цената на оловото порасна за 1,8%, на калајот за 1,0% и на цинкот за 0,8%. Железната руда во декември бележи месечно намалување на цената од 5,6%.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во однос на благородните метали, цената на среброто и златото во декември споредено со ноември 2018 година бележи раст од 2,9% и 2,4%, соодветно, додека цената на платината опадна за 6,5%. Цената на пченката на светските берзи во декември 2018 година на месечна основа се зголеми за 4,2%, а цената на пченицата за 3,8%.

# *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешнотрговска размена во 2018 година изнесува 13.532,8 милиони евра, што претставува раст од 14,4% во однос на 2017 година.

Во 2018 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Северна Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 70,9%, што претставува зголемување за 0,3 п.п. во однос на 2017 година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во 2018 година изнесува 5.860,8 милиони евра и бележи раст од 17,0% (853,6 милиони евра) во однос на 2017 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 11,5%.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во декември 2018 година изнесува 481,3 милиони евра и бележи раст од 19,1% (77,2 милиона евра) во однос на истиот месец од 2017 година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 31,7%.

Анализирано на месечно ниво, во декември 2018 година извозот бележи пад од 11,9% (64,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 2,4%.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во 2018 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 46,5% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во 2018 година споредено со 2017 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион, додека пад има само кај групацијата Заедница на

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 18,4% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 10,1%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 82,0% и 11,0% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во 2018 година изнесува 7.671,9 милиони евра и бележи раст од 12,4% (847,0 милиони евра) во однос на 2017 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 6,0%.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот во декември 2018 година изнесува 659,9 милиони евра, што претставува раст од 6,1% (37,8 милиони евра) во однос на истиот месец од 2017 година, а увезените количини стоки се зголемени за 29,3%.

Анализирано на месечно ниво, во декември 2018 година увозот бележи пад од 7,0% (49,4 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 10,1%.

Табела 2.1 Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2017 | I-XII-2018 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 117,0 | 146,9 | 29,9 | 25,6 |
| Мил. ЕУР | 48,3 | 70,6 | 22,2 | 46,0 |
| Мил.$ | 54,8 | 83,1 | 28,2 | 51,5 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2017 | I-XII-2018 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 1.004,3 | 1.012,3 | 8,1 | 0,8 |
| Мил. ЕУР | 443,9 | 539,4 | 95,5 | 21,5 |
| Мил.$ | 502,5 | 634,8 | 132,2 | 26,3 |

| Извоз на хемиски производи *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2017 | I-XII-2018 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 35,1 | 29,1 | -6,0 | -17,1 |
| Мил. ЕУР | 1.031,6 | 1.233,9 | 202,3 | 19,6 |
| Мил.$ | 1.166,7 | 1.452,4 | 285,7 | 24,5 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2017 | I-XII-2018 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 30,3 | 33,9 | 3,5 | 11,7 |
| Мил. ЕУР | 179,6 | 213,3 | 33,7 | 18,8 |
| Мил.$ | 202,7 | 251,8 | 49,1 | 24,2 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2017 | I-XII-2018 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 688,5 | 778,3 | 89,8 | 13,0 |
| Мил. ЕУР | 435,6 | 541,9 | 106,3 | 24,4 |
| Мил.$ | 492,4 | 637,8 | 145,4 | 29,5 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2017 | I-XII-2018 | Салдо | Стапки во% |
| 000Т | 726,2 | 827,8 | 101,6 | 14,0 |
| Мил. ЕУР | 373,6 | 454,8 | 81,2 | 21,7 |
| Мил.$ | 422,6 | 537,9 | 115,3 | 27,3 |

## Салдо на трговска размена

Во 2018 година, трговскиот дефицит се намали за 0,4% односно 6,6 милиони евра споредено со 2017 година.

Во декември 2018 година трговскиот дефицит се намали за 18,1% односно 39,4 милиони евра споредено со декември 2017 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема и намалувањето на негативното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема. Од друга страна, кон зголемување на дефицитот дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, индустриски набавки и храна и пијалаци, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со стоки за широка потрошувачка.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во 2018 година, 97,1% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина и Србија, а потоа следуваат: Турција, Италија, Јужна Африка, САД, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Австрија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 87,5% од трговската размена во 2018 година е реализирана во евра и останува на исто ниво споредено со 2017 година. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 93,3% и 83,1%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е на исто ниво, додека застапеноста на еврото кај увозот е намалена за 0,2 п.п. во однос на 2017 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - XII- 2017 | | | | | I - XII - 2018 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 4.454,0 | 5.688.780.396 | 61,5743 | 350.282.670.766 | 83,4 | 4.525,0 | 6.378.818.309 | 61,5111 | 392.368.130.893 | 83,1 | 690.037.913 | 12,1 |
| УСД | 1.526,2 | 1.215.589.046 | 54,6450 | 66.425.863.438 | 15,8 | 1.809,0 | 1.438.334.130 | 52,1226 | 74.969.714.498 | 15,9 | 222.745.083 | 18,3 |
| ГБП | 5,3 | 25.188.061 | 70,2932 | 1.770.549.404 | 0,4 | 5,6 | 27.866.205 | 69,5261 | 1.937.428.553 | 0,4 | 2.678.144 | 10,6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.985,5 | | | 418.479.083.608 | 99,2 | 6.339,6 | | | 469.275.273.944 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 6.000,3 | | | 420.245.580.819 | 100,0 | 6.357,5 | | | 471.904.422.386 | 100,0 | | 12,3 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во 2018 година изнесуваа 188.483 милиони денари, односно 28,7% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,9% во однос на 2017 година.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 112.774 милиони денари и во однос на истиот период претходната година се зголемени за 9,3%.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 49.254 милиони денари, што претставува зголемување за 2,9% во однос на минатата година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 43,7%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 73.871 милион денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 24.617 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 7,8%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 19,1% споредено со истиот период во 2017 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува поголемо остварување за 12,5%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 1,8%.

Акцизите се остварени во износ од 25.092 милиона денари (учество од 22,2% во даночните приходи), што претставува зголемување од 8,7%. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 74.346 милиони денари, што претставува 65,9% од вкупните даночни приходи во овој период.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 17.561 милион денари и забележуваат раст од 15,1% на годишна основа, при што 63,0% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 13,3% од приходи од капитал, 6,6% од приходи по основ на договор на дело, 5,5% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 3,4% од приходи од имот и имотни права. Приходите од данокот на добивка во оваа година изнесуваа 14.745 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 29,9% во однос на истиот период претходната година, што е резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 29,6%), доплатите по даночни биланси (зголемување од 34,3%) и задржаниот данок за странски правни лица (зголемување од 52,3%).

Приходите од царина се остварени во износ од 5.604 милиони денари и забележаа зголемување од 8,3%. Приходите од други даноци со остварен износ од 518 милиони денари забележаа поголемо остварување за 11,9% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 56.538 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 6,9% споредено со истиот период од 2017 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 6,7%, кај придонесите за вработување за 7,3% и придонесите за здравствено осигурување за 7,4%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 12.260 милиони денари и во однос на 2017 година забележаа помало остварување од 8,5% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 2.199 милиони денари, што е зголемување од 67,1% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.971 милион денари и се намалени за 58,6% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и во периодот јануари – декември 2018 година изнесуваат 168.331 милион денари, односно 93,9% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 101,7% од годишниот план на овој буџетски корисник.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата




Извор: МФ.

Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 66,2% од вкупните приходи и приливи на овој буџетски корисник, при што нивната наплата во 2018 година достигна 100,1% од годишниот план. Приливот на средства по основ на задолжување во странство во овој период изнесува 31.370 милиони денари, што претставува 18,6% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за образование и наука, чии приходи изнесуваат 3.319 милиони денари, односно 1,9% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (80,9%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Министерството за здравство оствари приходи во износ од 1.166 милиони денари, што претставува 0,7% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и 53,3% од тој износ претставуваат даночни приходи. Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 3,6% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, кои во периодот јануари – декември 2018 година изнесуваат 68.857 милиони денари и претставуваат 100,3% од годишниот план на Фондот. Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија во овој период има остварено приходи во износ од 29.415 милиони денари, односно 99,7% од годишниот план на Фондот. Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во 2018 година остварила приходи во висина од 2.435 милиони денари, што претставува 87,6% од годишниот план.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во 2018 година изнесуваа 200.083 милиони денари, односно 30,4% од БДП, што е за 1,8% повеќе во однос на 2017 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 187.936 милиони денари учествуваа со 93,9% и се зголемени за 6,4% во однос на 2017 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 26.354 милиони денари што претставува зголемување за 0,6% во однос на претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,2%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 14.556 милиони денари и споредено со 2017 година забележаа намалување од 5,1%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 139.327 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 9,9% споредено со 2017 година и истите учествуваа со 69,6% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 100.679 милиони денари, забележаа раст од 6,3% и учествуваа со 50,3% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 61.243 милиони денари, што е зголемување за 5,4% споредено со 2017 година и учествуваат со 30,6% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 18,4%, односно забележаа поголема реализација за 22,1%, а се реализирани во износ од 36.869 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 15.903 милиони денари забележаа зголемување од 6,4%, во споредба со претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 18.812 милиони денари што е зголемување од 42,7% споредено со минатата година.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Каматните расходи изнесуваат 7.699 милиони денари, што е за 8,2% помалку во споредба со 2017 година. Расходите за камати од домашно задолжување се намалени за 0,9%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 12,0%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 12.147 милиони денари со структурно учество од 6,1% во вкупните расходи (1,8% учество во БДП), односно забележаа пониска реализација за 38,8% во споредба со 2017 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85,4% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот јануари – декември 2018 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[1] реализирани се 45.453 милиони денари, што

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите

претставува 96,0% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 61,6% отпаѓаат на отплата на главнина, за што во 2018 година потрошени се 27.999 милиони денари, односно 99,1% од средствата планирани за оваа намена во 2018 година. По однос на каматни плаќања отпаѓаат 16,9% од вкупните расходи, за што се реализирани 7.684 милиони денари или 98,8% од планираното.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – декември 2018 година реализираше 43.544 милиони денари или 99,8% од вкупниот буџет за 2018 година. Притоа, најголем дел (73,1%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 31.825 милиони денари или 100,0% од средствата наменети за 2018 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 19,0% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 100,0% (8.288 милиони денари) од планираните за 2018 година.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука во периодот јануари – декември 2018 година изврши буџетски средства во износ од 22.298 милиони денари, што е 91,8% од вкупниот буџет за 2018 година. Најголем дел од расходите (61,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 13.801 милион денари или 100,0% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,0%, за што се потрошени 3.337 милиони денари, односно 97,9% од вкупно предвидените. За стоки и услуги (кои учествуваат со 13,9% во вкупните расходи) реализирани се 3.101 милион денари, што претставува 75,6% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во 2018 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 10.130 милиони денари, што претставува 97,8% од сопствениот буџет за 2018 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 72,8%, за што се потрошени 7.375 милиони денари или 99,9% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 15,3%, за што се реализирани 1.553 милиони денари или 94,2% од годишниот план.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 8.073 милиони денари, што

на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

претставува 93,8% од планираните средства за тековната година. Најзначајна расходна ставка претставува субвенции и трансфери (со учество од 87,4%), за што во анализираниот период се извршени 7.055 милиони денари или 99,0% од планираното.

Министерството за одбрана во периодот јануари – декември 2018 година изврши буџетски средства во износ од 5.973 милиони денари, што е 95,8% од вкупниот буџет за 2018 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 62,3%, за што во 2018 година реализирани се 3.723 милиони денари, што претставува 99,7% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 22,4% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.337 милиони денари, односно 90,6% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари - декември 2018 година реализираше буџетски средства во износ од 5.780 милиони денари, што е 94,8% од вкупниот буџет за 2018 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 55,6%, за што се потрошени 3.212 милиони денари или 100,0% од средствата наменети за 2018 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 33,6% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 1.941 милион денари, односно 92,7% од вкупно предвидените. Реализацијата на капиталните расходи (кои учествуваат со 9,0% во вкупните расходи) изнесува 77,1%, односно извршени се 523 милиони денари.

За Финансирање на дејностите од областа на културата[2] во анализираниот период извршени се средства во износ од 3.423 милиони денари, што е 92,6% од вкупниот буџет за 2018 година. Субвенциите и трансферите имаат највисоко учество во вкупните расходи со 38,8%, а нивната реализација во 2018 година изнесува 95,6%, односно извршени се 1.330 милиони денари. Платите и надоместоците учествуваат со 29,8%, а за оваа намена реализирани се 1.022 милиона денари или 97,2% од планираното. За капитални расходи реализирани се 643 милиони денари, што претставува 82,1% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 18,8% од вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во периодот јануари – декември 2018 година реализираше средства во износ од 2.714 милиони денари, што е 67,5% од вкупниот буџет за 2018 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 71,6%, а нивната реализација во анализираниот период изнесува 60,8%,

2 Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организациите од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивното реализирање на капиталните проекти.

односно извршени се 1.944 милиони денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 21,7% во вкупниот буџет на овој корисник и за оваа намена извршени се средства во износ од 588 милиони денари.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (http://finance.gov.mk/mk/node/693).

### Буџетско салдо

Во 2018 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 11.600 милиони денари, што претставува 1,76% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 11.806 милиони денари и претставува 1,79% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ

Во периодот јануари – декември 2018 година во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија регистрирани се вкупно 205.358 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е повисок за 10,9% во однос на истиот период од 2017 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 42,1% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во декември 2018 година 19,0% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во декември 2018 година изнесува 184.683, од кои 94.721 се активни баратели на работа, а 89.962 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 3,7%.

Најголем дел од невработените лица (66,1%) се градско население, а според половата структура 56,8% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 59,3% од невработените се со непотполно средно образование или

помалку, 27,1% се со завршено средно образование, додека 13,6% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 46,3% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 53,5% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 7,9% чекаат 8 и повеќе години.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во ноември 2018 година оствари годишен раст од 5,8%, а во однос на претходниот месец е пониска за 1,1%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Информации и комуникации (19,2%), Рударство и вадење камен (18,6%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (10,2%). Реалните плати во ноември забележаа годишен раст од 4,6%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во ноември 2018 година оствари годишен раст од 5,7%, а во однос на претходниот месец е пониска за 1,3%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Информации и комуникации (18,8%), Рударство и вадење камен (17,2%) и Дејности на здравствена заштита (10,4%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 4,4%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Пензии

Во декември 2018 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 315.780 пензионери, што претставува зголемување од 1,6% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 2.812 лица. Од вкупниот број пензионери, 64,7% се корисници на старосна пензија, 24,0% се корисници на семејна пензија и 11,3% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната пензија во декември 2018 година изнесува 14.421 денар и е за 3,5% повисока во однос на истиот месец минатата година[3]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во ноември 2018 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,8%.

Просечната старосна пензија во декември изнесува 15.717 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 13.053 денари, а просечната семејна пензија 11.563 денари. За исплата на пензиите во декември 2018 година се потрошени 4.419,86 милиони денари, што претставува 50,4% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во декември 2018 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја намали основната каматна стапка на 2,50%, откако претходно ја намали за по 0,25 п.п. во март и во август 2018 година. Ваквото намалување е резултат на здравите економски основи, без присуство на нерамнотежи во економијата, видливо преку

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити
(декември 2018 година)




Извор: НБРСМ.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

стабилните инфлациски остварувања и натамошните поволни движења на девизниот пазар. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во декември 2018 година, примарните пари[4] регистрираа раст од 18,9% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 10,0%, додека вкупните ликвидни средства на банките забележаа пад од 28,5%.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 23,9%, како резултат на зголемување на вкупните ликвидни средства на банките за 42,5%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 8,6%.

## Депозитен потенцијал[5]

Вкупните депозити на банките во декември 2018 година регистрираа раст од 3,2% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 1,6%, а депозитите на домаќинствата  за 4,2%.

Од аспект на валутата, во декември 2018 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 5,3%, а депозитите во странска валута за 0,1%.

Вкупниот депозитен потенцијал во декември 2018 година оствари раст од 10,5% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 12,2% и 8,1%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата овој месец бележат раст од 6,7%, а депозитите на домаќинствата од 9,5%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 6,2%, а долгорочните депозити за 11,6%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 60,0%.

[4] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[5] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (декември 2018 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **375.046** | **3,2%** | **10,5%** |
| Денари | *225.069* | 5,3% | 12,2% |
| Странска валута | *149.977* | 0,1% | 8,1% |
| Краткорочни | *163.987* | 0,3% | 6,2% |
| Долгорочни | *102.977* | 1,1% | 11,6% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **322.094** | **2,3%** | **7,3%** |
| Денари | *191.750* | 3,4% | 9,8% |
| Странска валута | *130.344* | 0,5% | 3,8% |
| Краткорочни | *61.968* | 7,4% | 6,9% |
| Долгорочни | *240.754* | 1,0% | 9,2% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *16.471* | 3,4% | -12,1% |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во декември 2018 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 2,3% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во декември 2018 година кредитите кон претпријатијата се зголемија за 4,0%, додека кредитите кон домаќинствата се зголемија за 0,3%. Од аспект на валутата, во декември 2018 година, на месечно ниво денарските кредити регистрираа раст од 3,4%, додека девизните кредити се зголемија за 0,5%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

На годишна основа, во декември 2018 година вкупните кредити се зголемија за 7,3%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 10,3% и на кредитите кон претпријатијата од 4,6%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 9,8%, а кредитите во странска валута за 3,8%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,2%, а краткорочните кредити од 6,9%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во декември 2018 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,07 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,33%. Каматната стапка на

денарските кредити се намали за 0,10 п.п. и изнесува 5,82%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,04 п.п на месечно ниво и изнесува 4,74%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во декември 2018 година изнесува 1,41% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 1,96%, а каматната стапка на девизните депозити остана непроменета и изнесува 0,79%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во декември 2018 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 82,3% на месечно ниво, како резултат на одржување јавна понуда на хартии од вредност и зголемување на прометот од блок трансакции за речиси 4 пати.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во декември 2018 година изнесуваше 649,2 милиона денари и истиот е зголемен за 82,3% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на декември 2018 година изнесуваше 3.469,03 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е непроменет, а во однос на истиот месец претходната година индексот е зголемен за 36,6%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на декември 2018 година изнесуваа 2.867,1 милион евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 95,7 милиони евра, а во однос на декември 2017 година за 530,9 милиони евра.